**Дакота Блу Ричардс**

Дакота Блу Ричардс е родена во Лондон, на 11 април 1994 година. За време на основното училиште посетувала часови по глума за време на викендите и уживала додека глумела, сметајќи го тоа како нејзино хоби, а не како избор на професија.

Уште од нејзините најрани години таа го читала Филип Пулман и ги сакала неговите книги, посебно карактерот на дивата девојка Лира. Кога дознала дека според книгите бил направен филм, таа случајно отишла на аудиција и ја добила улогата на Лира Белаква во „Златниот компас“. Ричардс била номинирана за неколку награди вклучувајќи ја и наградата за критика. Планира да продолжи со глумата, но би сакала да ја комбинира со професијата учителка.

**Ед и неговиот пријател Касиди**

Ед, инсектот - стапче е многу посебен инсект - стапче. Тој отприлика е долг како мало стапче и широк како мало стапче, а исто така, Ед може и да зборува.

Ед сака да ги гледа децата преку училишниот прозорец. Така тој научи да чита и пишува. Ед сака да чита книги и да учи нови нешта. Неговите омилени книги се Хобитите од Ј. Р. Р. Толкин.

Најголема амбиција на Ед е да оди во училиште, но за жал не постојат училишта за инсекти - стапче. Ова е приказна за тоа како Ед го оствари својот сон.

Еден ден Ед одлучи да започне протест. Работеше напорно и направи знак. Потоа отиде и застана пред училиштето.

Но изгледа никој не го забележа. Некои луѓе за малку што не го згазија. Ед сфати дека не е добро да протестира сам. Па направи уште еден знак кој ја рекламираше неговата кампања. Пишуваше:

И СТАПЧИЊАТА - ИНСЕКТИ ТРЕБА ДА ОДАТ ВО УЧИЛИШТЕ, ИСТО ТАКА!

СОСТАНОК ОВДЕ, ВО ЧЕТИРИ ЧАСОТ ДЕНЕС.

Ед чекаше, но никој не дојде. И само што сакаше да замине дома, слушна глас позади него. „Здраво“ - рече едно момче. „Дали сте тука заради состанокот?“ - праша Ед, надевајќи се. „Да. Моето име е Касиди“ - се насмевна момчето.

Од тој момент, па натаму Ед и Касиди станаа најдобри пријатели. Заедно многу се забавуваа. Играа фудбал во паркот. Играа со кучето. Играа криенка. Тоа беше омилената игра на Ед.

Ед и Касиди заедно читаа книги. И се разбира, заедно протестираа надвор пред училиштето. Но наставничката секогаш го тераше Касиди да влезе внатре и тој беше принуден да го остави Ед да протестира сам.

Конечно, Ед и Касиди одлучија дека протестирањето надвор од училиштето не е доволно. Тогаш отидоа да ја посетат Кралицата.

„Целосно се согласувам - рече Кралицата, секој треба да има можност да оди на училиште". Кралицата разговараше со некои многу важни луѓе и среди некои многу важни работи. Сега Ед оди на училиште секој ден и учи многу нови работи.

Најважното нешто што го научи Ед е дека ако работиме заедно можеме да го промениме светот.

Единствениот проблем којшто го има сега Ед е што неговата учителка не му верува кога тој ќе ѝ каже дека кучето му ја изело домашната задача.